


# ПРИРОДНИ НАУКИ

III одделение
Одд.наставник Елица Митревска III -2 одд.
ООУ “Св.Климент Охридски“ - Битола

Луѓето имаат **5** сетила. Човекот преку сетилата и нивната врска со мозокот, дознава што се случува во надворешната средина и реагира на соодветен начин.



# Сетилни органи

1. Сетило за **вид - ОКО**
2. Сетило за **мирис - НОС**
3. Сетило за **слух - УВО**
4. Сетило за **вкус - ЈАЗИК**
5. Сетило за **допир - КОЖА**

# Сетило за вид - ОКО



- Очите примаат светлосни дразби, разликуваат светло- темно, движења, бои, форми







# Како гледаме?

- Светлосните зраци што паѓаат на предметот, се одбиваат и влегуваат во нашето око. Преку шареницата тие стигнуваат до очната леќа. Таа ги собира, и формира  смалена и прврттена слика од предметот. Од окото сигналите се испраќаат во мозокот, каде што се формира реална слика од предметот.



# Сетило за слух- УВО

- Преку сетилото за слух ги примаме сите звучни дразби
- Музика
- Гласови
- Звуци од природата
- Шумови
- Говор

Пријатни звуци





Непријатни звуци



# Како слушаме?

- Звуците поминуваат низ надворешното уво-школка, низ ушниот канал, го растреперуваат ушното тапанче. Треперењето се пренесува од средното уво до внатрешното уво. Од тука дразбите одат мозокот.



# Сетило за мирис- НОС

- Во носот има многу ситни делови на кои се лепат честичките и се разложуваат. Така ние мирисаме.













shutterstock.com • 760675426

# Сетило за вкус - ЈАЗИК

- На јазикот има многу мали брадавички кои препознаваат вкусот (ги има на непцето и грлото).
- ЈАЗИК



# Сетило за допир - КОЖА

- Кожата на нашето тело е секаде осетлива на допир.
- Но најосетливи ни се ДЛАНКИТЕ и УСНИТЕ.
- Преку допир разликуваме форма, текстура, (мазно-рапаво, тврдо-меко),  топло-ладно, ситно-крупно, болка.








# Одговори и пополни

1. Наброј ги сетилата!
2. Што чувствуваме преку кожата?
3. Јазикот е сетило за ______________________.
4. Ако јадеш жешка супа ,што ќе се случи?
5. Окото е сетило за ________________________.
6. Какво сетило е увото?
7. Ако слушаме премногу звуци што ќе се случи?
8. Какво сетило е носот?
9. Што се случува со сетилото за мирис ако си болен од грип?

# Дополни кое сетило го користеше!

1. Ова е висока зграда ____________________
2. Убава е тортата _________________________
3. Кошулата е свилена _____________________
4. Колку убаво мириса морето _____________
5. Слушам прекрасна музика ______________
6. Чајникот е врел _________________________
7. Тој има убави очи________________________
8 Ана има температурата __________________

# Дополни

- **ПРИЈАТНИ ЗВУЦИ**



- **НЕПРИЈАТНИ ЗВУЦИ**



# Дополни

- **СЛАТКО**



- **КИСЕЛО**

